АСОЦИЈАЦИЈА
ЗА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ

МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА И НА СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА:

# „ПРИВАТНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КОРПОРАТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И ФОРЕНЗИЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА - КОВИД 19“

2021 година, Скопје

Асоцијацијата за корпоративна безбедност – Скопје во соработка со Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија при Медицински факултет во Скопје, Меѓународна научна и на стручна конференција: **„Приватното обезбедување, корпоративната безбедност и форензичката дејност во услови на пандемија - Ковид 19“**

28.06.2021 година, Скопје

## ***<u>Мисијата и цели на меѓународната конференција</u>***

Мисијата на конференцијата се состои во потребата да се фокусира вниманието на академската, научна и стручна заедница кон современите предизвици со кои се соочува приватното обезбедување, корпоративната безбедност и форензичката дејност во услови на појава на современа здравствена закана за безбедноста каква што е Ковид - 19. Кривично-правната, безбедносната, форензичката, медицинската и другите научни подрачја постојат и егзистираат со цел да ги пронајдат одговорите на проблемите со кои се соочува цивилизираното општество и на тој начин да обезбеди натамошен развој и напредок.

Целите на конференцијата се однесуваат на потребата од јакнење на улогата на научната и стручна заедница во однос на новите безбедносни движења и процеси од аспект на детектирање на актуелните предизвици во сите аспекти од општественото живеење и работење. Оттука, конференцијата има теоретска и практична цел и настојува да даде ефикасен придонес во клучните области од човековото функционирање и живеење.

Службени јазици на конференцијата се англиски, српски и македонски.

## Тематски подрачја

Темите на конференцијата опфаќаат научни полиња кои обработуваат различни аспекти од научните подрачја.

Меѓународната научно-стручна конференција програмски е структуирана во посебни тематски целини:

1.Современи безбедносни здравствени предизвици и закани;

2.Корпоративна безбедност во услови на пандемија Ковид - 19;

3.Функционирање на приватниот сектор за безбедност во услови на пандемија Ковид - 19;

4.Современите предизвици и форензичката дејност;

5.Градење на соработка помеѓу агенциите за приватно обезбедување, детективските агенции, јавниот сектор;

6.Судско-медицинско вештачење во услови на пандемија Ковид - 19

**Програмски одбор**

1. проф. д-р Атанас Козарев, Република Северна Македонија - претседател
2  проф. д-р Драган Триван, Република Србија, потпретседател
3. проф. д-р Денис Чалета, Република Словенија- член
4. проф. д-р Лада Садиковиќ, Босна и Херцеговина - член
5. проф. д-р Сеџад Милановиќ, Босна и Херцеговина - член
7. проф. д-р Милан Даничиќ, Република Српска - член
8. проф. д-р Љупчо Сотироски, Република Северна Македонија - член

9. проф. д-р Георги Манолов, Република Бугарија - член
10.проф. д-р Стојан Славески, Република Северна Македонија – член
11.проф.д-р Александар Станков, Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Медицински факултет во Скопје, Универзитет «Св. Кирил и Методиј»- Скопје
12.проф. д-р Верица Попоска, Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Медицински факултет во Скопје, Универзитет «Св. Кирил и Методиј»- Скопје
13. проф. д-р Билјана Јанеска, Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Медицински факултет во Скопје, Универзитет «Св. Кирил и Методиј»- Скопје
14.проф. д-р Никола Протрка, Полициски колеџ, Р Хрватска

**Организационен одбор**
1. м-р Тијана Бомбол Делевска – претседател
2. м-р Марија Ваневска – секретар
3. м -р Игор Сековски - член

Партнери на конференцијата
Никоб медикал - Скопје

**Почитувани,**

Здравјето и безбедноста посекако се два важни фактори во секојдневието кои се клучни во дефинирање на квалитет на живот и живеење.

Изминатава година ипол живееме во можеби за нас најголем предизвик и закана за здравјето, безбедноста и животот, актуелната Ковид-19 пандемија, која покрај непредвидлив и донекаде непознат ток на болеста, присуството на пост ковид симптоматологија, како и нарушување на социјална комуникација сериозно се одрази и на менталното здравје. Сеуште е рано да се дефинираат последиците од сета ова криза која ја живееме, но сериозно се одрази на пристапот и достапноста на здравствените услуги на секое ниво посебно во делот на примарната здравствена заштита која според Уставот на државата е задолжителна за секој граѓанин.

Во таа насока од неоддамна започна со работа ПЗУ Никоб Медикал, приватна здравствена установа на примарно ниво со здравствени услуги во ординација и во домашни услови преку домашна посета со сите услуги кои може да се обезбедат на примарно ниво, медицински транспорт и медицинско обезбедување на јавни настани. Целта ние да сме блиски, достпани, брзи и квалитетни за секој кому сме потребни. Некогаш минути, секунди значат живот. Располагаме со 20 тина медицински тимови, високо обучени за работа по стндари на МБД (Медицина базирана на докази)  и протоколи за работа, 7 најсовремени опремени амбулантни возила, две санитетски и друго. Возилата можат да обезбедат транспорт во градот, во државата и надвор од државата. Со години се минимизира значењето на базата на здравствениот систем и најмалку се вложува, а пандемијата ја покажа и докажа важноста на таа служба. Инвестицијата е комплетно приватна, вработуваме млади колеги во кои инвестираме знаење и работно искуство и креираме стабилна и предвидлива иднина.

Како надополнување на медицинскиот дел од неоддамна започна со работа и ПЗУ Никоб Лаб – дијагностичка лабораторија, која дава услуги во делот на биохемиска и молекуларна дијагностика, која е опремена со најсофистицирана апаратура, интегриран биохемиски аналајзер, тестови на листа на СЗО и високо професионален кадар.

Во таа насока можностите со кои располагаме нудат на граѓаните доближување на услугите кон место на живеење, посебно во делот на Ковид-19 тестирање, со базата во Кисела Вода, 5 дистални пунктови и тоа на следните локации: Табановце,  Дојран, Гевгелија, Аеродромите ТАВ Скопје и Охрид. На овој начин со пунктовите покрај нашите граѓани,  овозможуваме и странски државјани кои транзитираат да можат да имаат достапна услуга а тоа би се одразило и на економијата.

За релативно кратко време на работење имаме договори за соработка како со приватни така и со јавни здравствени установи меѓу кои и Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија. Заедно, кооперативни сериозно можеме да придонесеме во олеснување и достапност на услуги за граѓаните, да се безбедни и сигурни во нас кога сме им најпотребни.

**Д-р.Спец.Субспец. Татјана Баевска Вучковиќ**
**Директор на ПЗУ Никоб Медикал и Никоб Лаб**

**Вонр. проф. д-р Зоран Јовановски, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје, М-р Тамара Адамова, ОВР – Кавадарци**

## HEALTH THREATS AND LOCAL SECURITY WITH SPECIAL REVIEW ON CORONAVIRUS COVID - 19

***Abstract***: We live in a time of globalization and we are increasingly facing with risks and threats as a challenges, not only for a local but also on: national, regional, international and global level. As a global security threats which are affecting national and local level are organized crime and terrorism as a global security threats, human trafficking and human organ trafficking. The above mention threats are visible, they can't disappear, but they can be reduced to a minimum, but for a several months from now, the world has a serious health threat, which resembles as biological war, an abstract threat which couldn't be seen or felt, but still kills thousands of people per day. This new threat is corona virus COVID-19. COVID-19 is emerging as a new virus for the healthcare professionals, which are facing for the first time on a global scale. This is not an epidemic but a serious health threat - a pandemic that poses global and also local security threat which similar to terrorism doesn't choose gender, age and nationality. All of us are representing the main target.

Medical personnel, police officers, Army, teachers and professors are also not immune to COVID-19 and this conglomerate is not only for Republic of North Macedonia, but also for all countries in the world represent a main pillar for the security, which now is *"on its knees"*, but still continues to fight with this evil, with same intensity, but in a different way of working and living, completely different from before. As the time passes, the virus doesn't weaken, but is growing into a global threat for the world.

***Key words***: *globalization, security, COVID-19, risk, threat*

### 1. ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

Глобализацијата и не е релативно нов тренд и може да се каже дека започнува да се развива непосредно после Втората светска војна. Станува збор за тренд кој става акцент на имплементирање на движење и размена на информации, движење на економијата на глобално ниво, движење на народот на глобално ниво, развој на технологијата како и компјутеризацијата исто така на глобално ниво и за тоа може слободно да се каже дека идејата на самата глобализација е да се претвори светот во едно „големо село“ кое што на луѓето им овозможува полесен начин на работа, полесен пристап на

информации, полесен начин на комуникација, заедничка економија, отварање на националните граници а под тоа се подразбира послободно движење на луѓето а тоа се посебно олеснителни околности за живеење.

Погоренаведените околности се позитивната страна на глобализацијата но истата има и многу негативни страни гледано од безбедносен аспект, но не само и од безбедносен туку и од економски, образовен, територијален аспект како и многу други. Самото отварање на националните граници односно безвизниот режим и слободното движење на луѓето претставува голема закана, голем ризик како и предизвик по безбедноста на секоја една држава на кои не секогаш може соодветно да се одговори Организираниот криминалитет односно трговијата со оружје, трговијата со дрога, трговијата со луѓе како и со човекови органи не е баш позитивна страна на глобализацијата, исто така и тероризмот, а не може да се исклучи и размената на безбедносни информации преку компјутеризацијата и дигитализацијата кои претставуваат единствен и премногу важен инструмент и алатка, на една држава кој може да резултира со катастрофални последици по безбедноста на национално односно локално ниво. Кога веќе го напоменавме без визниот режим и слободното движење на луѓето може да биде дискутабилно од многу аспекти како негативна страна на глобализацијата како а како пример може да се земе безбедноста и на национално ниво, и на меѓународно ниво како и на глобално ниво но овој пат од медицински и здравствевн безбедносен аспект. Факт е дека здравјето на луѓето е поважно од се, затоа што ако се појави одредена епидемија која се разбира е заразна, таа не бира пол, етникум, возраст или пак професија, но сепак здравствените работници се во „првиот ешалон" во сузбивање на истата а сепак и тие се обични луѓе и не се имуни на истата и ако тие се заразат нема кој да се грижи за здравјето на луѓето па дури и кога станува збор за сезонскиот грип, па така таа епидемија би прераснала од национално па до глобално ниво и би станала пандемија а кога веќе се спомна зборот „пандемија", сите сме свесни дека моментално живееме со неа и се бориме против истата поточно COVID-19.

## 2. БЕЗБЕДНОСТА И COVID-19

Безбедноста како поим претставува отсуство на било какви ризици предизвици или пак закани кои би предизвикале нарушување на истата. Оваа дефиниција важи како и на национално ниво така и на глобално ниво, но за жал секогаш демнее одредена закана, ризик или предизвик. Во моментов светот се соочува со нешто ново, нешто што прв пат се појавува, со една закана и предизвик кои претставуваат голем ризик по здравјето на луѓето односно пандемијата која најпрво почна како епидемија а тоа е вирусот COVID-19.[5]

[5] https://www.fakulteti.mk/news/11032020/shto-znachi-imeto-kovid-19

„Ковид-19 е името на ново откриената болест. Вирусот и болеста првпат биле откриени во Вухан, Кина, на 31 декември 2019 година. Од почетокот на март 2020 година се прошири во над 60 земји низ целиот свет. Ковид-19 е високо заразна респираторна болест предизвикана од нов коронавирус. Болеста беше откриена во Кина во декември 2019 година и оттогаш почна да се шири низ целиот свет“.

Во Република Северна Македонија SARS-CoV-2 односно COVID-19, прв пат се појави во февруари 2020 година, односно првиот случај на овој вирус се забележа  при крајот на месец февруари. Истиот потекнува од вирусот „САРС“ кој е повеќе смртоносен од COVID-19, но „САРС“ не се пренесува толку лесно и брзо како COVID-19.

Како што напоменав, станува збор пред се за респиратнорна болест пропратена со висока температура но со[6] „мутирањето на вирусот се појавија и други симптоми како на пример коагулацијата на крвта“.

Кога веќе на некој начин се даде вовед за од кога датира овој вирус и за неговата опасност, се поставува прашањето: „како COVID-19 е поврзан со безбедноста на една држава“?, одговорот е многу едноставен – истиот се шири енормно брзо со кашлање, кивање издишување, истиот не умира на метална површина 12 часа и е смртоносен, а на тоа не се имуни дури ни вработените во безбедносните структури. За овие неколку месеци во Република Северна Македонија се заразија стотици медицински лица, стотици припадници на полицијата, стотици припадници на армијата, стотици припадници на Дирекцијата за заштита и спасување, стотица припадници вработени во Центарот за управување со кризи, стотици економисти а сите погоренаведените институции се „чувари“ на безбедноста во Република Северна Македонија. Карантинот и самоизолацијата се неопходни за заразените лица од проста причина – да не се шири вирусот понатаму.

За жал, сведоци сме на едно тажно време во кое беа затворени цели институции и заразените лица беа ставени во изолација (домашно лекување или пак болничко лекување) беа затворени цели оддели од полициски станици, цели единици од армијата... за жал и сега е така, се затвараат цели институции, цели оддели од полициски станици, цели единици од армијата а во иднина се очекува тој тренд да продолжи. Ете баш ова е поврзаноста помеѓу безбедноста на една држава и CORONA-19 вирусот. Не само здравствените работници туку и припадниците на безбедносните структури се веќе „на колена“, но сепак не запираат и продолжуваат, но како што е напоменато на почетокот на овој труд и тоа со ист интензитет и тоа е за поздрав. Но неизбежно е да се напомене и психичката состојба на истите но и на граѓаните на Република Северна Македонија:страв, паника и очај а тоа е еквивалентно со еден терористички напад, па затоа оваа пандемија наликува на биолошка војна.

[6] https://www.who.int/

## 3. COVID-19 ПРЕДИЗВИК РИЗИК И ЗАКАНА

Како нов вирус COVID-19 е предизвик за здравството не само на национално туку и на глобално ниво. Се знае неговото потекло но никој не зборува јавно и смело за тоа, се прошири низ целиот свет со енормна брзина и сеуште медицината не пронајде лек за овој вирус, па затоа има илјадници жртви како данок на истиот. Вирулентноста на истиот не опаѓа, напротив, се зголемува а Светската здравствена организација е немоќна ни во пронаоѓање на конкретен и соодветен лек за вирусот ниту пак за производство на сигурни вакцини кои би не избавиле од ова зло кое го опколи светот во 21-век. Животот наеднаш се смени, седење дома, носење на заштитни маски и заштитни ракавици и во затворени простории и надвор, држење дистанца помеѓу луѓето, тоа се препораките од Светската здравствена организација. Но за жал и во Република Северна Македонија и во сите држави во светот постојат поединци кои не веруваат во вирусот и не ги почитуваат мерките а тоа е и причината зошто COVID-19 зазема се поголем замав.

Карантинот предизвика отпуштање на работници како и затварање на помали фирми како и на големи коорпорации а тоа резултира со невработеност, сиромаштија пад на домашниот буџет слабеење на економијата во една држава. Затворените детски градинки, училишта, факултети „on-line“ наставата произведува недоволно социјализирање и неписменост кај децата и тинејџерите, а истите се иднината на една држава а тоа е една голема закана и ризик за иднината и на национално и на глобално ниво. Па затоа COVID-19 претставува и предизвик и ризик и закана, не само по безбедноста туку и во сите сегменти на нормалното живеење.

Во изминатата 2021 година, почна масовното имунизирање, односно вакцините против овој вирус и тоа беше позитивна страна и надеж дека вирусот ќе исчезне, но за жал истиот почна да мутира и да се создаваат нови соеви на истиот и тоа:Британскиот сој, Детла сојот како и многу други, кои се покажаа дека се отпорни на вакцините па затоа почна и имунизацијата со третата доза на примање на вакцина. Но за жал се појави и нова муатција на овој вирус, односно „Омикрон“. Според истражувањата, овој сој, е отпорен и на третата доза на вештачката имунизација, односно вакцината, се шири премногу брзу а за тоа сведочат и најновите бројки на заразени, не само во Р.С.М туку и низ целиот свет. И повторно „сите сме паднати на колена“.

## 4. ЗАКЛУЧОК

COVID-19 е присутен во светот скоро 3,5 години и покрај рестриктивните мерки и карантините како и имунизацијата и однесе многу човечки животи не само во Северна Република Македонија туку насекаде низ светот. Многу луѓе се заразија од вирусот но поразителен е фактот што истиот не остава антитела во човековиот организам, односно тие се губат, па така и оние што се стекнале со природен имунитет повторно се заразуваат, но и оние кои се вакцинирале исто така се заразуваат.

Мораме да признаеме дека стравот од COVID-19 владее во нас а исто така мора да се признае и дека вирусот го има насекаде околу нас, па затоа и истиот претставува здравствена закана за глобалната и локалната безбедност.

Здравствените институции се речиси немоќни но не се ништо подобро и безбедносните структури ширум светот, економијата опаѓа на глобално ниво а тоа предизвикува револт на одредени поединци кои излегуваат на демонстрации и не ги почитуваат рестриктивните мерки.

Ние како вработени во безбедносните структури и во образованието мораме да внимаваме максимално иако секојдневно сме изложени со директни контакти со непознати луѓе, затоа што на некој начин сме столб на државата. Почитувањето на препораките од Светската здравствена организација како и од Министерството за здравство е неопходно да се почитуваат од наша страна не само заради наша лична заштита и безбедност, туку треба да бидеме и пример на граѓаните на Република Северна Македонија за да се намали ширењето на вирусот и да опаднат четирицифрените броеви на позитивни на коронавирусот кои се тренд веќе неколку месеци наназад во нашата држава а и за жал, Република Северна Македонија е прва на листата на смртност во Европа.

Од се погоренаведеното во овој труд, може да се увиди како влијае глобализацијата, поврзаноста на COVID-19 со безбедноста, и кои се предизвиците, ризиците и заканите по безбедноста од истиот. Сепак, ни останува да бидеме трпеливи и максимално да се заштитуваме од ова зло кое се појави во 21-от век, за нас лично, за нашите најблиски и за нашата држава Република Северна Македонија се додека не се најде излез од ситуацијата во која се наоѓа целиот свет па и ние.

## 5 .БИБЛИОГРАФИЈА


- https://www.abv.mk/details/svetska-zdravstvena-organizacija---szo-skopje;
- https://www.who.int/
- https://oshwiki.eu/wiki/%D0%91%D0%B5%D0%B7%D0%B1%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82#.D0.92.D0.BE.D0.B2.D0.B5.D0.B4
- http://eprints.ugd.edu.mk/18130/1/29-SMO-mak-fin-2015.pdf
-https://youngeconomicminds.com/%D1%88%D1%82%D0%BE-%D0%BD%D0%B8-%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B5%D1%81%D0%B5-%D0%B3%D0%BB%D0%BE%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0/]
- http://eprints.ugd.edu.mk/6497/1/%D0%9C%D0%B0%D0%B3%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D1%82%D1%80%D1%83%D0%B4%20-%20%D0%9C%D0%B0%D1%80%D0%B8%D0%BD%D0%B0%20%D0%9D%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B0.pdf
- https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/2459/1/dbelevski2019.pdf
- https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019
- https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019?gclid=EAIaIQobChMI_Kadwdug7AIVEpiyCh0zOw4jEAAYASAAEgIPy_D_BwE
- https://www.who.int/health-topics/vaccines-and-immunization#tab=tab_1